# Визија

Темелни вредности на културата на секоја држава се јазикот и творештвото.

Уште многу одамна Блаже Конески рекол:

*”Македонскиот јазик е нашата единствена целосна татковина”.*

”Проектот” Македоника е од највисоко и непроценливо национално значење за Македонците и за македонската држава.

*Визијата на Фондацијата Македоника е да претставува стожер, ризница и клучен двигател во зачувувањето, негувањето и промовирањето на македонските јазик и култура кон севкупната македонска публика во земјата и во светот.*

Својата благородна Мисија Фондацијата Македоника ќе ја реализира преку проекти од областа на:

- Културата.
- Образованието.
- Информатичкото општество.
- Грижата за дијаспората.

# За книгата

Книгата е показател на нивото на културен развој на една земја, фундамент на социјалниот дијалог и на другите интелектуални и уметнички потенцијали.

Книгата и читањето влијаат и придонесуваат за описменување и образување на младите, градење квалитетни личности, културно воздигнување, јакнење на националните свест и идентитет...

За првпат во македонската историја Фондацијата Македоника го прави нашето литературно наследство достапно до секој читател, преку создавање библиотека на македонската нација, што ги поттикнува сите генерации да се вратат кон највредниот и фундаментален уметнички израз - литературата.

# Принципи

Основната цел на книгата е таа да стигне до читателот и да воспостави комуникација со него. Темелејќи се на оваа дефиниција се поставени и двата принципа на Фондација Македоника:

★ Бесплатност.

★ Вонвременска достапност што не познава граница и растојание.

# Цели на Фондацијата

## 1. Зачувување и негување на македонското литературно наследство.

Создавање најголема е-библиотека на македонски јазик - Книготека Македоника, каде за првпат во историјата на едно место ќе се најдат најголем број дела напишани од македонски автори.

Во Книготека ќе се реобјавуваат дела што се од непроценлива важност за македонската нација и култура. Се работи за книги што не се (пре)печатени со години и децении, воопшто не постојат во книжарниците или ги има во ограничен број во библиотеките.

***Придобивка : Создавање Александриска библиотека на македонската нација.***

## 2. Поттикнување на читањето.

Читањето го зајакнува социјалниот момент,
а читателите се спознаваат себеси, ги подобруваат односите во заедницата,
размислуваат креативно...

Принципите на бесплатност и достапност, врз кои се темели овој проект, придонесуваат е-книгите да бидат десетици и стотици пати почитани од класичните книги.

Концептот на Книготека Македоника овозможува промовирање и поттикнување на читањето. Клучни фактори се:

- е-книгите се бесплатни, не го оптоваруваат домашниот буџет и на тој начин се многу подостапни до секој Македонец.
- Пристапот до истите се мери во секунди.

Одличен показател е фактот што првите пет книги на Македоника се прочитани од преку 100.000 читатели.

***Придобивка : Нацијата чита повеќе.***

## 3. Описменување на младите.

Промовирањето модерни текстови, како и објавувањето дела од млади автори, создава зголемен интерес за читање кај младата публика.

Брзиот и лесен пристап до омилените дела, сликовници и лектири придонесува голем дел од младите за првпат да почнат да читаат, а оние што читаат - да читаат повеќе.

Крајниот резултат е формирање поквалитетни личности во секој аспект.

***Придобивка : Описменување и културно воздигнување на младите.***

## 4. Поврзување на дијаспората и малцинствата со татковината.

Еден милион Македонци кои живеат во европските и прекуокеански држави, како и оние кои претставуваат малцинство во соседните земји немаат можност да дојдат во контакт со македонската литература.

Првите генерации иселеници полека го заборааваат мајчиниот јазик, а дел од нивните деца не умеат да пишуваат и читаат на македонски. Ним кирилското писмо им е туѓо затоа што немаат буквари, читанки, сликовници и други учебни помагала. На овој начин се изгубени и продолжуваат да се губат цели генерации. Со овој проект на сите тие деца ќе им се доближат македонските писатели за деца, учебниците и преведените светски класици од областа на детската литература.

е-книгите во голема мерка ќе придонесат за описменување на нашинците и ќе им овозможат допир со културата, историјата, традицијата, обичаите и навиките на живеење во земјата на нивните предци, со што ќе го зајакнат и реафирмираат сопствениот македонски идентитет и припадност.

***Придобивка : Непосреден контакт и описменување на дијаспората и Македонците во земјите каде што се малцинство.***

## 5. Поттикнување на пишувањето и промоција на нови автори.

Македоника го промовира пишувањето нови дела преку:

* Поддршка на автори кои пишуваат за првпат.
* Публикување модерни текстови со теми интересни за македонскиот читател.
* Објавување дела за кои издавачите не се заинтересирани поради немање комерцијален интерес.
* Пронаоѓање талентирани блогери и интернет колумнисти кои стануваат нови великани преку нови форми на пишување.

***Придобивка : Креирање ново писателско јадро, нови форми на пишување и објавување дела за кои издавачите немаат интерес.***

## 6. Дигитализација и унапредување на образованието.

Единствениот концепт на Македоника, како и можноста сите книги, учебници и лектири да се најдат во еден мобилен уред ја прават Македонија пионер во светскиот тренд на создавање дигитално образовно општество.
Ова претставува голем и долготраен процес во кој сите добиваат: авторите, издавачите, учениците, студентите и државата.

Ова е поефикасен и многукратно поевтин начин за публикување образовни изданија во неограничени тиражи. Авторите можат во секое време да ги дополнат учебниците, а учениците и студентите ќе ги "поседуваат" сè додека не ги избришат од своите компјутери и таблети.

***Придобивка : создавање поквалитетно, помодерно и поекономично образование.***

## 7. Зачувување и негување на македонскиот јазик.

Јазикот претставува основен код за идентитетот на секој народ.

Македоника има цел да ја подигне свеста за почитување на нашиот јазик бидејќи тоа е јазикот на нашите предци и јазикот на нашите поколенија, нашиот код.

Во Македоника може да се најдат дела напишани на некој од 27-те дијалекти на македонскиот јазик. На овој начин се зачувува автентичниот говор, како и специфичните зборови и изрази за секој посебно.

***Придобивка : Безвременско негување на македонскиот јазик.***

## 8. Позиционирање на високо место во IT светот и новите форми на образование.

Позади името Македоника се крие комплексна и моќна софтверска платформа составена од сервери, веб-сајт и апликации за мобилни уреди. На овој начин е-книгите можат да се читаат на компјутери, таблети, смартфони...

Тука можат да се објават неограничен број книги, а стотици илјади посетители во исто време да читаат различни дела. Доволна е едноставна и бесплатна  регистрација за секој корисник да добие неограничен пристап до објавените наслови.

Целата платформа е 100% македонски производ, замислен, развиен и создаден од тим од македонски програмери, дизајнери, уредници и други врвни експерти. Сите тие се грижат Македоника да биде уникатен проект во светот, не само по концептот туку и технолошки да биде на исто рамниште со светските гиганти Apple и Amazon.

***Придобивка : Производ што се наоѓа во светскиот врв на IT сегментот за образование и култура.***

# Книготека Македоника

Книготеката Македоника е национална платформа за објавување е-книги и претставува проект од непроценливо национално значење за Македонците и за македонската држава.

## ★ Категории на книги

1. **Книги од национално и историско значење.**
   Опфаќа автори и дела од почетоците на македонскиот пишан збор сè до Втората светска војна. Не постои национална стратегија и програма за зачувување и промовирање на ова книжевно богатство и наследство. Проектот Македоника како прв и единствен во целиот свет ќе се обиде да ги направи "бесмртни" најголемиот број дела од десетвековната книжевна историја.
2. **Македонски класици.**
   Поголемиот број печатени изданија на македонските повоени великани ги нема во продажба, а издавачите немаат интерес за нивно препечатување. Малкуте сочувани примероци можат да се најдат единствено во библиотеките и затоа се губи контактот со овие безвременски дела. Преку Книготеката Македоника тие повторно го наоѓаат патот до читателот.
3. **Современици.**
   Објавување книги напишани од наши современици. На овој начин на читателската публика ѝ се доближуваат современите и модерни текстови.
4. **Нови автори.**
   Пронаоѓање и промовирање нови талентирани автори.
5. **Лектири и детска литература.**
   Категорија во која спаѓаат лектирите, делата за обработка по предметот македонски јазик и преводите на светските класици за најмладите.
6. **Учебници.**
   Објавување дигитални книги од сферата на образованието, што вклучува сликовници, букври и читанки за најмладата популација, како и учебници и стручна литература за учениците и студентите.

## ★ Број на издадени дела

Големината на проектот е втемелена во нашето мото "Книга на ден" со цел Македоника да објави илјада книги од македонски автори во првите  три години.

Технолошките можности на целата платформа овозможуваат издавање неограничен број е-книги.

## ★ Тиражи и бесмртност

Тиражите на е-книгите се неограничени.

Принципите на бесплатност и достапност придонесуваат секое објавено дело да биде прочитано стотина па дури и илјада пати повеќе од печатеното издание.

Со објавувањето во Македоника делото станува:

- Достапно до сите читатели каде и да се наоѓаат во светот.
- Сочувано во оригинална форма.
- Сочувано од заборав.
- Бесмртно.

## ★ Литературни форми

Во Книготека Македоника се публикуваат следниве форми:

- Роман,
- Поезија,
- Драма,
- Антологии,
- Биографии и монографии,
- Збирки раскази, есеи, афоризми и колумни.
- Дела со историска содржина за македонскиот народ и идентитет,
- Лектири и дела за обработка,
- Учебници,
- Буквари и читанки за дијаспората,
- Сликовници и стрипови.